Врз основа на член 18 став 1 алинеја 2, член 82 став 1 алинеи 5 и 6 и член 83 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РМ", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на РСМ" бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), а во врска со член 62 став 6 од истиот закон, член 21 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување (Пречистен текст) арх.бр.01-3953/1 од 31.10.2023 г., член 80 став 5 од ЗАВМУ, член 51 став 1 и став 3 и член 52 став 2 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија", бр.124/15), член 28 од Законот за управни спорови („Службен весник на Република Северна Македонија", бр.96/19), член 24 од Правилникот за процедурите на финансиското и сметководственото работење на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, арх.бр.01-6222/1 од 12.12.2014 г., постапувајќи по Предлогот Уп1 бр.08-105 од 03.04.2025 г. за покренување постапка за одземање и Предлогот Уп1 бр.08-133 од 15.04.2025 г. за донесување одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт – импорт Сарај, Скопје, а согласно Заклучокот, арх.бр.02-1752/5 од 16.04.2025 г., Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 17-та седница одржана на 16.04.2025 г. донесе

# ОДЛУКА
## за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт – импорт Сарај, Скопје

1. СЕ ОДЗЕМА дозволата за телевизиско емитување, Уп1 бр.08-128 од 13.03.2017 г. на Трговското радиодифузно друштво КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт – импорт Сарај, Скопје, затоа што по издавањето на дозволата настанале околности што претставуваат законски пречки за имателот на дозволата да ја врши дејноста, односно поради тоа што радиодифузерот не ги исполнил минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување и не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување во законски утврдениот рок – 30 дена од денот на приемот на Фактурата бр.2025-100-0086 од 28.02.2025 г. (наш арх.бр.05-830/1 од 28.02.2025 г.).

2. Фактурата 2025-100-0086 од 28.02.2025 г. (наш арх.бр.05-830/1 од 28.02.2025 г.), се сторнира и на субјектот од точка 1. од оваа Одлука, му се издава нова фактура, која се однесува само на периодот на работењето, односно до денот на донесувањето на оваа одлука за одземање на дозволата, која треба да се плати не подоцна од 8 (осум) дена од денот на нејзиното издавање.

3. Одлуката се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија", на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и во два дневни весници, од кој еднииот дневен весник е на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија.

4. Оваа Одлука е конечна.

## О б р а з л о ж е н и е

Трговското радиодифузно друштво (ТРД) КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт – импорт Сарај, Скопје, е имател на дозвола за телевизиско емитување, Уп1 бр.08-128 од 13.03.2017 г., за емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа која не користи ограничен ресурс, на државно ниво, на територија на Република Северна Македонија, телевизиски програмски сервис со претежно забавен општ формат, на албански и македонски јазик.

I. Согласно член 62 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ) за обезбедување на телевизиско или радио емитување покрај условите и обврските пропишани во овој закон, радиодифузерот треба да исполнува посебни минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови во зависност од програмскиот формат, пропишани со подзаконски акт донесен од страна на Агенцијата.

Членот 21 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување, пропишува дека imателот на дозволата за телевизиско емитување на програмски сервис од општ формат е должен во редовен работен однос, да има најмалку 20 (дваесет) лица кои учествуваат во создавањето на програмата, ако има дозвола за емитување програма на државно ниво, преку јавна електронска комуникациска мрежа која не користи ограничен ресурс, како и дека одговорниот уредник на програмскиот сервис од општ формат треба да биде во редовен работен однос.

Согласно член 27 став 1 од ЗАВМУ, Агенцијата врши административен надзор, кој се врши на работењето на издавачите на медиуми од аспект на усогласеноста на нивното работење со условите утврдени со Законот за медиуми, Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и прописите донесени врз основа на него (член 29 став 1 од ЗАВМУ).

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата), со цел да провери дали ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт – импорт Сарај, Скопје во согласност со член 62 став 6 од ЗАВМУ ги исполнува и минималните кадровски услови утврдени во цитираниот правилник, на 03.04.2025 г., со Допис, арх.бр.03-1614/1 од 03.04.2025 г. побара од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија да и достави податоци за бројот на вработени во ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт – импорт Сарај, Скопје. На 04.04.2025 г. Агенцијата за вработување на РСМ со Допис, арх.бр.03-1035/2 од 04.04.2025 г. (наш арх.бр.03-1614/2 од 04.04.2025 г.) ја извести Агенцијата дека „*согласно евиденцијата на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија на регистрирани невработени лица и пријави / одјави во / од задолжително социјално осигурување, за правното лице ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт – импорт Сарај, Скопје, бројот на вработени на 03.04.2025 година изнесува 18, а на 31.03.2025 година изнесува 18*“.

Агенцијата, во врска со погоренаведеното известување од Агенцијата за вработување на РСМ, преку Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права, истиот ден (04.04.2025 г.) изврши вонреден, административен надзор по службена должност на работењето на ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт – импорт Сарај, Скопје, при што во Писмениот извештај за извршен административен надзор, наш арх.бр.03-1628/1 од 04.04.2025 г. констатираше дека наведениот радиодифузер не ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување.

II. Согласно член 80 став 1 од ЗАВМУ, за дозволата за телевизиско или радио емитување радиодифузерите, со исклучок на јавниот радиодифузен сервис, плаќаат годишен надоместок на сметка на Агенцијата согласно со овој закон. Годишниот надоместок се плаќа за секоја тековна година почнувајќи од датумот на доделување на дозволата за телевизиско или радио емитување во рок од 30 дена од денот на приемот на фактурата издадена од Агенцијата (член 80 став 5 од ЗАВМУ).

Во однос на надоместокот за дозволата за телевизиско емитување на ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт – импорт Сарај, Скопје, Уп1 бр.08-128 од 13.03.2017 г., Агенцијата на 28.02.2025 г. испрати Фактура бр.2025-100-0086 од 28.02.2025 г. (наш арх.бр.05-830/1 од 28.02.2025 г.) за надоместокот за дозволата, согласно која радиодифузерот имаше обврска да плати 3.739.549,00 (три милиони седумстотини триесет и девет илјади и петстотини четириесет и девет) денари, за годишен надоместок за дозволата за телевизиско емитување, за периодот од 28.02.2025 г. заклучно со 27.02.2026 г. Во Агенцијата е доставена повратница од АД Македонска пошта на РСМ дека фактурата била уредно примена на 04.03.2025 година.

Агенцијата, преку Секторот за финансии и логистика, изврши административен надзор на работењето на ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт – импорт Сарај, Скопје, од аспект на исполнување на обврската за плаќање на годишниот надоместок за дозволата, при што по извршениот редовен административен надзор, во Писмениот извештај за извршен административен надзор (наш арх.бр.05-1600/1 од 02.04.2025 г.), констатираше дека наведениот радиодифузер не ја исполнил законската обврска пропишана во член 80 став 5 од ЗАВМУ, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување на сметка на Агенцијата.

Имено, според доставената Фактура бр.2025-100-0086 од 28.02.2025 г. (наш арх.бр.05-830/1 од 28.02.2025 г.), ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт – импорт Сарај, Скопје, имало обврска да плати 3.739.549,00 (три милиони седумстотини триесет и девет илјади и петстотини четириесет и девет) денари, за годишен надоместок за дозволата за телевизиско емитување, за периодот од 28.02.2025 г. заклучно со 27.02.2026 г. Заклучно со 01.04.2025 г. кога беше крајниот законски рок за уплата на надоместокот ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт – импорт Сарај Скопје, не извршило уплата во износ од 3.739.549,00 (три милиони седумстотини триесет и девет илјади и петстотини четириесет и девет) денари.

III. Во член 23 став 1 алинеја 3 од ЗАВМУ утврдено е дека доколку се констатира непочитување, повреда или прекршување на одредбите од ЗАВМУ и подзаконските акти, донесени врз основа на него, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и другите акти на Агенцијата, против издавач на медиум, Советот на Агенцијата може да преземе мерка - одземање на дозволата.

Согласно член 82 став 1 алинеи 5 и 6 од ЗАВМУ, Агенцијата ќе ја одземе дозволата за телевизиско или радио емитување, пред истекот на рокот за којшто е издадена и ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери, по претходно доставено писмено известување, доколку по издавањето на дозволата ќе настанат околности што претставуваат законски пречки за имателот на дозволата да ја врши дејноста (член 82 став 1 алинеја 5), како и доколку имателот на дозволата не го плати надоместокот во законски утврдениот рок (член 82 став 1 алинеја 6).

Постапката за одземање на дозволата за телевизиско или радио емитување, согласно член 83 став 1 од ЗАВМУ ја покренува Советот по предлог на директорот на Агенцијата.

Со оглед на утврдената фактичка состојба дека ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт – импорт Сарај, Скопје не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување во законски утврдениот рок – 30 дена од денот

на приемот на Фактура бр.2025-100-0086 од 28.02.2025 г. - наш арх.бр.05-830/1 од 28.02.2025 г. (член 80 став 5 од ЗАВМУ), директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски врз основа на член 83 став 1, а во врска со член 82 став 1 алинеја 6 од ЗАВМУ, достави Предлог Уп1 бр.08-105 од 03.04.2025 г. за покренување постапка за одземање на неговата дозвола, во прилог на кој до Советот го достави Писмениот извештај за извршен административен надзор (наш арх.бр.05-1600/1 од 02.04.2025 година).

Советот на Агенцијата во врска со напредцитираниот Предлог и Писмениот извештај за извршен вонреден, по службена должност административен надзор на ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт – импорт Сарај, Скопје, наш арх.бр.03-1628/1 од 04.04.2025 г., согласно кој радиодифузерот не ги исполнил минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување (член 62 став 6 од ЗАВМУ и член 21 од истиот Правилник), на 15-та седница одржана на 04.04.2025 г., согласно Заклучокот, арх.бр.02-1587/7 од 04.04.2025 г., покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт – импорт Сарај, Скопје.

Во врска со покренатата постапка за одземање на дозволата, на ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт – импорт Сарај, Скопје, Уп1 бр.08-128 од 13.03.2017 г., а согласно член 82 став 1 од ЗАВМУ, Агенцијата му испрати Известување (Уп1 бр.08-105 од 07.04.2025 г.), во кое му беше укажано дека доколку не ја достави потребната документација од која што може да се констатира дека ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување, како и доколку не го плати во целост годишниот надоместок за дозволата за вршење телевизиско емитување согласно член 83 став 3 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување на постапка за одземање на дозволата, Уп1 бр.08-105 од 03.04.2025 г., ќе донесе Одлука за одземање на неговата дозвола за телевизиско емитување, по што согласно член 85 став 2 од ЗАВМУ, радиодифузерот ќе биде избришан од регистарот на радиодифузери.

Известувањето Уп1 бр.08-105 од 07.04.2025 г., беше доставено во писмена форма до ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт – импорт Сарај, Скопје и истото е уредно примено од страна на радиодифузерот истиот ден. Воедно, известувањето на 08.04.2025 г. беше доставено и во електронска форма на официјалната електронска адреса на радиодифузерот регистрирана како информација за контакт во ЦРРСМ и во регистарот на радиодифузери кој го води Агенцијата.

Во согласност со член 83 став 3 од ЗАВМУ, Советот е должен во рок од 15 дена од денот на приемот на предлогот на директорот за покренување постапка за одземање на дозволата, да донесе одлука со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

Агенцијата по доставеното Известување за покренување на постапка за одземање на дозволата, Уп1 бр.08-105 од 07.04.2025 г., а со цел да провери дали ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт – импорт Сарај, Скопје ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во цитираниот правилник, на 10.04.2025 г., до Агенцијата за вработување на РСМ достави Допис, арх.бр.03-395/1 од 10.04.2025 г. (наш арх.бр.03-1704/1 од 10.04.2025 г.), со кој побара податоци за бројот на вработени лица во ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт – импорт Сарај, Скопје за 09.04.2025 г. и за 10.04.2025 г., примен од страна на Агенцијата за вработување на РСМ истиот ден. Во врска со доставеното барање, Агенцијата за вработување на РСМ со Допис, арх.бр.03-1087/2 од 11.04.2025 г., наш арх.бр.03-1704/2 од 11.04.2025 г., ја извести Агенцијата дека „*согласно евиденцијата на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија на регистрирани невработени лица и пријави / одјави во / од задолжително социјално осигурување, за правното*

*лице ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт – импорт Сарај, Скопје, бројот на вработени на 09.04.2025 година и на 10.04.2025 г. изнесува 1, а на 31.03.2025 година изнесува 18".* Имајќи го предвид погоренаведеното известување од Агенцијата за вработување на РСМ, на 14.04.2025 г., Агенцијата, преку Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права, изврши контролен, административен надзор на работењето на ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт – импорт Сарај, Скопје. Во Писмениот извештај за извршен контролен административен надзор, арх.бр.03-1734/1 од 14.04.2025 г., констатирано е дека радиодифузерот не ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување и предложено е Советот да донесе одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт – импорт Сарај, Скопје.

Воедно, Секторот за информатичка поддршка и општи работи (СИПОР) до д-р Зоран Трајчевски, Директор на Агенцијата достави Службена белешка, наш арх.бр.03-1714/1 од 11.04.2025 г. дека при редовна контрола на системот за снимање и мониторинг на телевизиски и радио сервиси на 10.04.2025 г., како и од добиени сознанија, утврдил дека ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт – импорт Сарај, Скопје не емитува телевизиска програма и дека при детално разгледување било утврдено дека радиодифузерот престанал со емитување телевизиска програма на 08.04.2025 г. во 19:45 часот. Со цел Агенцијата да постапи согласно ЗАВМУ, односно да провери дали радиодифузерот емитува телевизиска програма, а во врска со член 82 став 1 алинеја 2 од ЗАВМУ (престанување со емитување на програмскиот сервис повеќе од 30 дена поради технички, финансиски или други причини), во службената белешка наведено е дека Одделението за информатичка поддршка и технологии при СИПОР ќе го стави под мониторинг наведениот радиодифузер.

Оттука, со оглед на фактот дека ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт – импорт Сарај, Скопје и во рокот од 15 (петнаесет) дена, од денот на приемот на Предлогот Уп1 бр.08-105 од 03.04.2025 г., од страна на членовите на Советот на Агенцијата, не ја исполнил обврската предвидена во член 62 став 6 од ЗАВМУ и член 21 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување, како и обврската од член 80 став 5 од ЗАВМУ, Директорот на Агенцијата, достави Предлог Уп1 бр.08-133 од 15.04.2025 г. за одземање на дозволата за телевизиско емитување на наведениот радиодифузер.

Советот на Агенцијата врз основа на член 82 став 1 алинеи 5 и 6 и член 83 став 3 од ЗАВМУ, постапувајќи го Предлогот Уп1 бр.08-133 од 15.04.2025 г. и Писмениот извештај за извршен контролен административен надзор, арх.бр.03-1734/1 од 14.04.2025 г., а согласно Заклучокот на Агенцијата, арх.бр.02-1752/5 од 16.04.2025 г., донесе Одлука со која се одзема дозволата Уп1 бр.08-128 од 13.03.2017 г. за телевизиско емитување на ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт – импорт Сарај, Скопје.

Согласно член 24 од Правилникот за процедурите на финансиското и сметководственото работење на Агенцијата, доколку имателот на дозволата за телевизиско или радио емитување не изврши плаќање на надоместокот, по доставената фактура во рокот наведен во став 3 на овој член од Правилникот, истата се сторнира и му се издава нова фактура која се однесува само на периодот на работењето, односно до денот на донесувањето на одлуката за одземање на дозволата, која треба да се плати не подоцна од 8 (осум) дена од денот на нејзиното издавање. Во спротивно наплатата на долгот, се врши по судски пат.

Следствено на наведеното, Фактурата 2025-100-0086 од 28.02.2025 г. (наш арх.бр.05-830/1 од 28.02.2025 г.) за надоместокот за дозволата за телевизиско емитување, се сторнира и на ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт – импорт Сарај, Скопје, му се издава нова фактура, која се однесува само на периодот на

работењето, односно до денот на донесувањето на оваа одлука за одземање на дозволата и која ќе треба да се плати не подоцна од 8 (осум) дена од денот на нејзиното издавање.

Согласно член 84 од ЗАВМУ, Одлуката за одземање на дозволата за телевизиско емитување е конечна, а против истата имателот на дозволата има право да поднесе тужба за поведување управен спор пред надлежниот суд во рок од 30 дена од денот на нејзиниот прием. Постапката пред надлежниот суд е итна.

Врз основа на погоре наведеното се донесе Одлука како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против оваа одлука за одземање на дозволата, ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт – импорт Сарај Скопје, има право да поднесе тужба за поведување управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на нејзиниот прием.

**Доставено до:**
- ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт – импорт Сарај Скопје;
- Управителот на ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт – импорт Сарај Скопје;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи - Архива;
- Назначените лица во Агенцијата за водење на Уписникот Уп1 и
- Агенцијата за електронски комуникации на Република Северна Македонија.